**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, во совет составен од Муамет Шеху, претседател на советот, Филип Трифуновски, Антоанета Димовска, Субхи Јакупи и Диљавер Бектеши, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот А.Ѓ од С., по одржаната расправа во согласност со член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 28.5.2024г., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот А.Ѓ од С., **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда од член 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 20.9.2021 година, под ОДУ бр.693/21, солемнизирала - потврдила приватна исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот, но нотарски акт ОДУ бр.2083/21 од 24.8.2021г., со кој на недвижниот имот, предмет на купопродажбата, е воспоставена хипотека во корист на С. банка АД С., истиот не е прилог на нотарската исправа и со емственик не е поврзан со изворникот, па на таков начин да постапила спротивно на членот 65 став (1) точка ѓ), членот 101 став (1) од Законот за нотаријатот и членот 56 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија.

2. Нотарот А.Ѓ од С., **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.54/21 не изготвила решение во рок од 3 дена од денот на приемот на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, па на таков начин да постапила спротивно на членот 71 став (6) од Законот за нотаријатот

3. Нотарот А.Ѓ од С., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од членот 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.207/22, на ден 28.10.2022г. примила приговор од полномошникот на должникот Јавно радиодифузно претпријатие МРТ С., адвокат ДК од С.

Нотарот приговорот против решението за нотарски платен налог заедно со списите ги доставила до Основниот граѓански суд С., видно од приемниот штембил на судот, на ден 3.11.2021г., за донесување на одлука согласно со одредбите од Законот за парничната постапка, за постапување по приговор за платен налог, со што постапила спротивно на членот 72 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – писмена опомена.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА**
**Претседател на советот**
**Муамет Шеху**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото.

ДН:
-Нотарот;
-Архивата на НКРСМ;
-По конечноста до Министерство за правда;